**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-403/8**

**Скопје, 24.09.2008 година**

**До**
**Основен суд Штип - Штип**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Штип – Штип - депозитна сметка (во понатамошниот текст Основен суд) за 2007 година кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Основниот суд за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Миланчо Рамбабов - Претседател на Основен суд Штип од 19.07.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 26.06.2008 година до 29.06.2008 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои

се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 04.08.2008 година добиени се забелешки на Претходниот извештај на овластениот државен ревизор заведени под број 868/08. Истите беа разгледани и одбиени како неосновани.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### *11.1. Неправилна примена на акти:*

11.1.1. Во делот на материјално финансиското работење со вонбуџетските средства како привремен и редовен депозит на депозитната сметка, ревизијата утврди почетно салдо на 01.01.2007 година во износ од 19.955 илјади денари, кое произлегува од извршени уплати од минати години и состојба на средствата на депозитите на крајот на годината односно салдо на 31.12.2007 година во износ од 18.544 илјади денари.

Со ревизија на материјално финансиското работење со вонбуџетските средства како привремен и редовен депозит на депозитната сметка, ревизијата ги утврди следните неправилности:

- не е овластено лице за работење со средствата на депозитите, што влијае на неможност на утврдување материјалната одговорност за примените и дадените парични средства на Основниот суд за 2007 година,
- не е воспоставена евиденција на начин предвиден во делот петти од Судскиот деловник (Работни книги за евиденција на депозитите) и
- не е изработен Преглед на судските депозити, како прилог кон завршната сметка,

што не е во согласност со одредбите од Судскиот деловник и Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Воспоставениот начин на евидентирање на депозитите придонесува Основниот суд да не располага со целосни податоци за депозитните средства.

**Препорака:**
Основниот суд да овласти лице за работа со средствата со депозити, да воспостави евиденција на средствата од судските депозити, согласно одредбите од Судскиот деловник, по годишното заклучување на работните книги за евиденција на депозитите и изработка на “Биланс на средствата на депозитите”, а изработката на Прегледот на судските депозити да е составен дел на завршната сметка.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.1. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на Основен суд Штип - Штип - депозитна сметка под 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.1. кај Основен суд Штип - Штип - депозитна сметка не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 19.09.2008 година**



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------

**Основен суд Штип - Штип**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 27,667 | 25,128 |
| **Вкупно приходи** | **27,667** | **25,128** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 9,123 | 5,173 |
| **Вкупно тековни расходи** | **9,123** | **5,173** |
| **Вкупно расходи** | **9,123** | **5,173** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **18,544** | **19,955** |

**Основен суд Штип - Штип**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 18,544 | 19,955 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 0 | 19,954 |
| **Вкупно тековни средства** | **18,544** | **39,909** |
| **Постојани средства** | | |
| **Вкупна актива** | **18,544** | **39,909** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Примени аванси, депозити и кауции | 18,544 | 19,955 |
| Пасивни временски разграничувања | 0 | 19,954 |
| **Вкупно тековни обврски** | **18,544** | **39,909** |
| **Вкупна пасива** | **18,544** | **39,909** |

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

**Број 1205-403/16**

**Скопје, 15.10.2008 година**

Врз основа на член 23 став 6 од Законот за државната ревизија (“Сл. весник на РМ” бр. 65/97 ……133/07), постапувајќи по добиениот Приговор по Конечен извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Штип ( во понатамошниот текст Основен суд) за 2007 година за депозитната сметка заведен под број 1203-403/8 од 24.09.2008 година, Главниот државен ревизор го донесе следното:

***Р Е Ш Е Н И Е***
***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот на поднесен на **точките 12 и 13** од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Штип за 2007 година за депозитната сметка **не се прифаќа**.

2. Решението по доставениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор претставува прилог на Конечниот извештај и се интегрира во Годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е,***

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи на Основен суд за 2007 година за депозитната сметка поднесен е приговор Су. бр. 1062/08 од 06.10.2008 година. Со поднесениот приговор одговорното лице на субјектот за периодот за кој е вршена ревизијата, не достави дополнителни докази со кои може да се оспорат или преиначат утврдените состојби во Конечниот извештај, со што овластениот државен ревизор ги дава следниве образложенија за неприфаќање на приговорот:

1. Упатениот приговор на Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на **точките 12 и 13** кои се однесуваат на изразеното мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за законското и наменското користење на средствата кои претставуваат државни расходи за 2007 година, **не се прифаќа,** поради тоа што мислењето е изразено врз основа на пропишани стандарди за вршење на ревизија.

**Главен државен ревизор**

**Скопје, 07.10.2008 година**

**Тања Таневска**